


# Анализа на случај

## Во Mitchells & Butlers се имплементира Доставницата (ASN) користејќи GS1 Стандарди за подобрување на видливоста на залихите и ефикасноста

Со 15.000 нарачки од страна на пабови и ресторани секоја недела, од витално значење е Mitchells & Butlers да има целосна видливост на залихите за компанија да биде во можност да води ефикасен бизнис. Компанијата ги имплементираше централизиран систем за контрола на залихите кој се темели врз GS1 стандардите, притоа остварувајќи значителна заштеда. Имплементацијата на Доставниците (Advanced Shipping Notices - ASN) ѝ овозможи на компанијата брза и ефикасна детекција на евентуалните грешки во текот на нарачувањето, испораката или фактурирањето.

### Позадина

Mitchells & Butlers е водечки оператор на пабови и паб ресторани во Обединето Кралство со околку 2.000 бизниси кои нудат храна, пијалоци, забава и сместување на атрактивни локации ширум земјата.Компанијата е основана со спојување на два семејни бизниси на семејството Мидландс во 1898 година, здружувајќи ги Пиварниците и пабовите. Денес, Mitchells & Butlers води многу од Британските лиценцирани брендови меѓу кои се и познатите All Bar One, Browns, Vintage Inns, Ember Inns, O'Neill's, Sizzling Pub Co., Toby Carvery и Scream.

### Подобрување на точноста за залихите со Доставниците

Mitchells & Butlers воведе централизиран систем за нарачки и прием кој ги користи Доставниците во над 2000 пабови низ државата. ASN се добиваат во GS1 XML формат, GS1 Стандард за електронски бизнис пораки. Најголемите снабдувачи на компанијата со храна и пијалоци го имаат имплементирано системот со поддршка од страна на ИТ одделот на Mitchells & Butlers, за да се обезбеди компатибилност на системите.

Менаџерите на пабови го користат системот за нарачки за прием на нарачките со снабдувачите на Mitchells & Butlers. Во рок од половина час од направената нарачка, се испраќа потврда до системот за нарачкипо електронски пат. Потоа снабдувачот испраќа до Mitchells & Butlers Доставница со детали за доставата вклучувајќи кодови за производот или GTIN-ови, вечер пред или утрото на испораката.

По пристигнувањето на нарачката во еден паб, менаџерот заедно со возачот ја прегледува испратницата на која се внесуваат сите евентуални забелешки за квалитетот или квантитетот на испорачаните производи пред двете страни да се потпишат. Потоа менаџерот прави споредба на Доставницата со испратницата. Содржината на документите треба да се совпаѓа, освен во случај на исправки на испратницата.
Позавршување на процедурата на проверка на ASN (исправена доколку е потребно за да се совпадне со измените направени на испратницата), производите се примаат во залихите, а системот прави автоматско ажурирање на нивото на залихи на пабот.

Компанијата на централно ниво има видливост на нарачките и приемите на пабовите. Фактурата при прием треба автоматски да се поврзе со примената доставница и доколку сите ставки на документите се совпаѓаат, фактурата се процесира за плаќање. При несовпаѓање од било која причина, системот алармира дека постои недоследност во ставките преку проверка на потпишаната испратница достапна онлајн. Секој снабдувач е должен да достави соодветна веб линк адреса до Mitchells & Butlers за увид до сите скенирани испратници.



**GTIN (Глобален Број на Трговска Единица) :**
Идентификација на трговски единици (производи и услуги)

**ASN (Доставница) :**
Листа на детали за дојдените производи во електронски документ

**GS1 XML(eXtensible Markup Language):**
Пораки за електронска комуникација (трансакциони податоци) помеѓу бизнис парнерите

Доколку настаната грешка се лоцира во паб, каде што менаџерот неправилно запишал некоја промена со што доаѓа до неусогласеност на доставницата и испратницата, во тој случај плаќањето се врши до снабдувачот како што е фактурано. Но, ако грешката е кај снабдувачот веднаш се испраќа барање за исправка која мора да се направи во рок од 5 дена.

Помалите добавувачи кои во моментов не имплементираат ASN се охрабруваат да се приклучат на големопродажните мрежи кои можат да ги исполнат барањата. Плаќањата за малите ад хок набавки од локални снабдувачи, како што се на пример пекарниците ќе продолжат да се извршуваат во кеш.

## Постигнати Бизнис Бенефити

*"Оствариме значителни заштеди со употреба на автоматизираниот систем за прием на стоки. Со имплементацијата на Електронската Доставница во секој од нашите пабови во формат кој е во согласност со GS1 Стандардите, ние сега можеме да ги избегнеме непотребните трошоци навремено забележувајќи ги сите грешки во испораките и фактурите", изјави Ричард Прат, комерцијален директор, Mitchells & Butlers.*

Со функционирањето на автоматизираниот прием на стоки, сите грешки се идентификуваат веднаш со споредба на фактурата со доставницата прои што исплатата треба да се изврши во рок од пет таботни дена. Mitchells & Butlers ја зголеми ефикасноста и ги намали трошоците, бидејќи вработените веќе немораат да прават рачни споредби на фактурите и доставниците на нивните добавувачи.

Компанијата исто така, има бенефити од побрзиот, поточен и ефикасен процес на нарачка и контрола на залихите преку имплементација доставниците. Се намали административната работа на менаџерите на пабовите, кои пак добиваат повеќе време да се посветат на менаџирањето на пабот. Претходно паб менаџерите беа приморани рачно да ја споредуваат испратницата со оригиналната нарачка за да бидат сигурни дека направиле прием на соодветните производи во соодветни количества.Автоматизираниот системи исто така им носи бенефити на добавувачите преку намалената административна работа и подобрена услуга кон комитентите.

*Бенефити од имплементацијата и употребата на ASN за компанијата M&B и нејзините добавувачи:*

- Подобрена видливост на залихите
- Овозможување на ре-алокација на залихите
- Поточно планирање
- Помалку грешки во фактурите и испораките
- Помалку административна обработка
- Поефикасни процеси
- Подобрена услуга на потрошувачите

Компанијата исто така има видливост на залихите на ниво на паб, со што се овозможува распределба на залихите помеѓу пабови и намалување на трошоците. Таа, исто така обезбедува прецизни податоци кои овозможуваат ефикасна прогноза на потребните залихи што е особено битно во одредени периоди од годината или денови кога потрошувачката на пијалоци и храна во пабовите е особено зголемена.

## Идни планови

Mitchells & Butlers во моментов со нивните добавувачи на пијалоци работат на пилот базен на податоци за да обезбедат конзистентна точност и аруруираност на матичните податоци. GDSN сертифицираниот Базан На Податоци ќе овозможи управување, подредување и размена на информациите за производите по електронски пат помеѓу трговските партнери долж целиот синџир на снабдување.

Благодарност до: GS1 UK